**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ЗА АПРИЛ 2007 ГОДИНА

## 1. Зајакнување на институционалниот капацитет

Врз основа на новото Упатство за транзитна постапка, Царинската управа донесе дополнување на Упатството за поедноставени постапки во транзит во делот на употреба на посебна товарница и употреба на пломби од посебен вид. Во Уредбата за спроведување на царинскиот закон покрај други поедноставувања во транзитна постапка предвидени се и употреба на посебна товарница и употреба на пломби од посебен вид. Бидејќи овие две поедноставувања не беа опфатени со Упатството за поедноставени постапки се наметната потребата за нивно подетално објаснување за што се изврши и дополнување на Упатството за поедоставени постапки. Употребата на посебна товарница овозможува зголемување на контрола кога во транзитна постапка се ставени повеќе видови стока и регулирање на начинот на одобрување на овие поедноставувања на начин кој е предвиден и пропишан во ЕУ.

Согласно измените на Уредбата за спроведување на царинскиот закон, Царинската управа донесе измена на Упатството за Царински долг и посебно Упатство за оценување на критериумите за висината на износот на општата гаранција. Со овие упатства се регулира интерната процедура за начинот на одлучување за намалување на висината на износот на општата гаранција и се предвидува едноставна и брза процедура за одобрување на намалување на износот на банкарските гаранции. Со овие измени се поедноставува и забрзува постапката при прифаќањето, како и определувањето на минималниот износ на гаранциите

Царинската управа изработи нов критериум за ризик INTEL кој се однесува на стока која го повредува правото од интелектуална сопственост за внатрешни царински испостави. Лоцирани се фирмите увознички кај кои била откриена стока која го повредува правото од интелектуална сопственост, како и видот на стоката која е одземена и уништена.

Во април 2007 година Царинската управа, преку Министерството за финансии, до Владата на Република Македонија достави Информација за потребата од Иницијатива за пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка помеѓу Европската економска заедница и ЕФТА државите и Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговијата со стока. Со понатамошното исполнување на условите за пристапување кон овие меѓународни конвенции ќе се обезбеди вклучување на Република Македонија во заедничкиот транзитен систем на Европската унија и ЕФТА државите.

Во делот на проектот “Нов транзитен систем за размена на електронски пораки NTSREP” започна имплементацијата на една компонента од системот,, при што завршено е нејзиното тестирање и воспоставена е пробна работа на сите гранични

карински испостави.Инаку целосната имплементација на системот треба да изврши апликативно приближување кон стандардите на Зедничкиот транзитен систем на ЕУ (NCTS). Компонентата од софтверското решение кое се имплементира во моментот овозможува WEB ориентиран централен пристап и складирање на податоците. Во оваа фаза се тестира делот на централно раздолжување на податоците, кои се внесуваат од бизнис заедницата преку старите модули за транзитна постапка. Доколку овој систем покаже успешна имплементација во оваа фаза, во понатамошните фази ќе се создаде можност за внес на транзитните пораки од бизнис заедницата и нивна размена со други субјекти.

Во врска со порано одобрената, но досега нереализирана алокација од CARDS програмата во рамките на „Проектот за поддршка на модернизација на царинската служба” во износ од 980.243 евра за набавка на мобилен ренгентски скенер за големи возила и контејнери, Царинската управа до Делегацијата на Европската Комисија во Република Македонија достави барање за реалокација со предлог детална техничка спецификација за набавка на опрема за царинска лабораторија, опрема за видео мониторинг систем во царинските служби на гранични премини и во внатрешноста, кучиња за откривање на дрога, опрема за вршење на симултан превод, и опрема за спроведување на истраги. Според приоритетите на Царинската управа овие набавки значително ќе влијаат на зајакнување на институционалниот капацитет.

Во април 2007 година се наплатени 3.246 милиони денари (околу 52,78 милиони евра), на име вкупни приходи од увозни давачки, од кои 409 милиони денари (околу 6,65 милиони евра) на име царина и други царински давачки, а 2.837 милиони денари (околу 46,13 милиони евра) на име данок и акцизи. Во споредба со истиот месец 2006 година вкупно наплатените увозни давачки се поголеми за 16,64 %.

## 2. Зајакнување на административниот капацитет

Претставници на Царинската управа во текот на април 2007 година партиципираа на следниве обуки, работилници, семинари и работни средби:

- Во периодот од 2 до 3 април 2007 година одржан е вториот дел од обуката за увоз за облагородување организирана од Одделението за обуки во соработка со Секторот за царински систем. На оваа обука учествуваа вкупно 18 царински работници од службите за надзор на иматели на одобрение;
- На 4 и 5 април 2007 година одржани се 2 обуки на тема Потекло на стока организирана од Одделението за обуки во соработка со Секторот за царински систем, на кои учествуваа вкупно 19 царински работници;
- Во соработка со КАФАО МАК Мисијата во РМ во периодот од 16-18.04.2007 година одржан е семинар на тема Спречување на корупција за вкупно 17 царински службеници од Секторот за професионална одговорност, Секторот за управување со човечки ресурси, Секторот за контрола и истраги и Одделението за царинско управни, прекршочни постапки и застапување;
- Со цел јакнење на капацитетите на царинската служба, во соработка со КАФАО МАК Мисијата одржана е работна средба, на која во рамките на Проектот на Царинската управа за организациска промена одржана е работилница за воведување на систем на внатрешна контрола за стратешко и годишно планирање. На работилницата присуствуваа вкупно 22 претставници од Царинската управа;
- На 25 и 26.04.2007 година во Царинарница Гевгелија, во организација на Секторот за царински систем одржани се 2 обуки за измените на Упатството за транзит. На овие обуки учествуваа вкупно 49 царински работници од граничните и внатрешните царински испостави од Царинарница Гевгелија;

- Продолжен е и курсот за изучување на француски јазик (донација од француската амбасада) за царинските службеници кои и досега ја посетуваа оваа настава;
- Како дел од активностите за пристапување на РМ во ЕУ, во соработка со Секретаријат за европски прашања во Царинската управа одржани се следниве активности:
  - Во периодот од 17-19.04.2007 година - обука за Вовед во ЕУ,
  - На 23.04. 2007 година - 2 работилници за ЕУ терминологија,
  - На 24.04. 2007 година – 2 обуки за пребарување на страниците на ЕУ.

  На овие активности учествуваа вкупно 47 учесници од Царинската управа, а учество земаа и одреден број претставници од други министерства, органи и институции.

Вкупно на одржаните обуки, семинари и состаноци учествуваа 190 вработени од Царинска управа.

Во април 2007 година, 13 царински службеници учествуваа на состаноци, семинари, обуки, конференции и студиски посети одржани во странство, како дел од меѓународни проекти и соработка со меѓународни институции и агенции. Овие царински службеници учествуваа на:

- Семинар за меѓугранична соработка на органите за прогон: трговија со луѓе, илегална миграција и трговија со наркотици, одржан во Александропулос, Грција;
- Семинар за царински работници на тема „Технички аспекти на режимот на трансфер на технологии за хемиско оружје“ одржан во Цавтат, Хрватска;
- Студиска посета за европските стандарди за интегрирано гранично управување во Словенија;
- Подготвителен состанок за спроведување на вежба за контролирани испораки на дрога;
- Годишна конференција за контрола на дрога одржан во Букурешт, Романија;
- Работна средба во Талин со претставници на Царинската управа на Естонија за запознавање со начинот на употреба на системите за скенирање на камиони и контејнери;
- 24-та Сесија на Техничкиот комитет на царинска вредност во Брисел, Белгија;
- Експертски состанок за дијагонална кумулација за потекло на стоки во Брисел, Белгија;
- Конференција 2007 WCO Information Technology Conference во Веракруз, Мексико;
- IT Конференција за Win Days 2007, во Опатија – Хрватска;
- Усвојување на акционен план за регионална акција SECURE ARK во Букурешт, Романија.

## 3. Интегритет и борба против корупцијата

Врз основа на примени информации и поплаки за несоодветно однесување, постапување и злоупотреба на службената должност на царинските работници во април 2007 година се извршени 30 истраги. Врз основа на извршените истраги, изготвени се 5 службени белешки и 4 службени информации. Службени информации се изготвени кога по извршените внатрешни истраги постои основано сомнение дека царинските службеници работеле спротивно на позитивните законски одреби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс, додека Службени белешки се изготвени кога по извршените внатрешни истраги не е утврдено работење на царинските службеници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

Во текот на април се завршени 10 дисциплински постапки, од кои во 3 случаи се изречени парични казни за царински службеници, а **во 4 случаи е изречена мерка престанок на работен однос** во Царинската управа. Во април 2007 за четири царински работници изречена е мерка привремено отстранување од работното место (суспендирање).

## 4. Транспарентност

Во текот на месец април извршени се подбрувања на интернет страната на Царинската управа на која е воведен дел во кој се објавуваат предлозите за нови упатства и насоки, со цел да се овозможи пошироката јавност да даде свои мислења и сугестии пред донесувањето на упатствата и насоките со кои подетално се уредува начинот на спроведување на царинските формалности.

## 5. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

На 4 април 2007 година царинските службеници на граничниот премин Богородица (на македонско-грчка граница) спречија обид за нелегално внесување во Република Македонија на 18.657 килограми паста за заби Colgate Herbal со вредност од 5.570.559,00 денари (околу 90 илјади евра). Царинската управа непријавената стока ја заплени и поднесе кривична пријава против осомничениот. Исто така, поради основано сомнение дека се работи за фалсификат на заштитена трговска марка, Царинската управа постапувајќи по службена должност согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост и во соработка со застапникот на трговската марка Colgate во Скопје, утврди дека дека пастата за заби е фалсификат.

На 26 април 2007 година на граничниот премин Ново Село (на македонско-бугарска граница), царинските работници при преглед на стока во товарно моторно возило со бугарски регистарски таблички, управувано од бугарски државјанин спречија обид за нелегално внесување во Република Македонија на опрема наменета за рудникот Бучим од Радовиш. Имено, возачот пријавил стока во тежина од 892 килограми и вредност од 4.320 евра, а при детален преглед на возилото, покрај пријавената пронајдена е и непријавена стока во вредност од 36.931 евра, и тежина од околу 15 тони, со што е направен обид да се избегне плаќање на давачки во износ од 408.826,00 денари.

Во текот на април мобилните тимови на Царинската управа продолжија со интензивни активности и извршија контроли на вкупно 1.061 возила, од кои 418 камиони, 62 автобуси и 637 патнички возила на повеќе гранични премини и во внатрешноста, при што се запленети разни стоки (цигари, алкохол, автоделови, текстил, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки).

При редовни контроли на превозни средства, стока и патници на граничните премини и во внатрешните царински испостави, царинските службеници во април открија повеќе обиди за недозволен пренос на стока, и притоа запленија 148.580 парчиња цигари, 262 литри алкохолни пијалоци, 51.291 парчиња текстилна стока, 9.834 пара обувки, 840 рачни торби, 17.900 прибори за нокти, 850 ѕидни часовници, 950 литри дизел гориво, 440 телефони, 9.463 парчиња делови за мобилни телефони, 352 фенови за коса, 139 пегли за коса, 1.138 механички и дигитални ваги, 7.525 парчиња дијаболи

и муниција за ловечки пушки, 310 парчиња пневматски гуми, 10 мотоцикли, 133.960 парчиња батерии, 1.107 парчиња козметички производи, 6.760 кг свежи краставици, странски средства за плаќање во износ од 26.550 евра.

Во април се извршени вкупно 17 контроли во трговски друштва. Врз основа на утврдените неправилности изготвени се вкупно 103 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 9.337.854,00 денари (околу 155 илјади евра).

При спроведување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост во април 2007 година се откриени 32 случај на обиди за повреда на право од интелектуална сопственост, со следната структура на фалсификувани производи:

- 802 пара патики, 600 пара влечки, 8.010 пара чорапи, 668 парчиња блузи, 222 пара хеланки, 122 парчиња маици, 90 парчиња топки и 9 пара голмански ракавици со ознака PUMA
- 23.612 пара чорапи, 53 пара тренерки, 55 парчиња блузи, 505 парчиња маици, 288 парчиња ремени, 950 парчиња капи, 456 парчиња топки и 9 пара голмански ракавици со ознака NIKE
- 362 пара патики, 120 пара копачки, 20.124 пара чорапи, 40 пара тренерки, 480 пара долни тренерки, 495 комплети дресови, 154 парчиња блузи, 512 парчиња маици, 217 пара хеланки, 1.500 парчиња очила, 630 парчиња топки и 22 пара голмански ракавици со ознака ADIDAS
- 15 парчиња костуми, 50 парчиња долен веш, 190 парчиња новчаници, 300 парчиња ремени и 1.416 парчиња парфеми со ознака HUGO BOSS
- 34 парчиња сако, 35 пара панталони, 30 парчиња маици и 37 парчиња долен веш со ознака ARMANI
- 50 пара фармерки, 485 парчиња блузи, 219 парчиња маици, 180 пара чорапи, 120 парчиња долен веш и 10 парчиња парфеми со ознака DOLCE & GABBANA
- 335 парчиња новчаници и 95 парчиња парфеми со ознака KENZO
- 75 парчиња блузи, 120 парчиња маици, 160 парчиња ремени и 1.673 парчиња парфеми со ознака LACOSTE
- 35 парчиња очила и 379 парчиња парфеми со ознака CHRISTIAN DIOR
- 440 парчиња парфеми со ознака AQUA DI GIO
- 3 пара фармерки, 96 пара чорапи и 5 парчиња парфеми со ознака TOMMY HILFIGER
- 48 парчиња очила, 127 парчиња ремени и 278 парчиња парфеми со ознака GUCCI
- 46 парчиња очила и 240 парчиња парфеми со ознака CHANEL
- 19 парчиња парфеми со ознака LANCOME
- 159 парчиња маици со ознака GIANNI VERSACE
- 5 парчиња парфеми со ознака DAVIDOFF
- 42 пара фармерки, 360 парчиња блузи, 68 парчиња маици и 72 пара чорапи со ознака DIESEL
- 20 парчиња ташни со ознака SAMSONITE
- 98 парчиња мобилни телефони, 440 парчиња батерии, 215 парчиња адаптери и 200 парчиња маски за мобилни телефони со ознака NOKIA
- 63 парчиња маски, 45 парчиња батерии, 25 парчиња адаптери и 20 парчиња usb кабли за мобилни телефони со ознака SONY ERICSSON
- 100 парчиња футроли и 17 парчиња usb кабли за мобилни телефони со ознака MOTOROLA

- 220 парчиња бандажи, 13 парчиња лиени бандажи, 15 парчиња гумени калобрани, 52 парчиња ознаки за бандажи и 82 комплета навлаки за седишта со ознака MERCEDES
- 575 запалки со ознака ZIPPO
- 87.000 парчиња CD и DVD со ознака PRINCO

Што се однесува до барањата за превземање на増 царински дејствија согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост во април 2007 година се прифатени 3 нови барања за превземање на царински дејствија за следните трговски марки: SUPER BOSNA, VODKA STOLICHNAYA, BIC.

Согласно Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, а по завршената постапка за утврдување на фалсификат и повреда на правото на интелектуална сопственост, Царинската управа спроведе две постапки за уништување на запленета фалсификувана стока. На 11.04.2007 година во Дрисла, Скопје, Царинската управа на Република Македонија спроведе уништување на вкупно 112.300 парчиња запленети козметички производи и декоративна козметика од повеќе познати сведски брендови, како што се: Loreal, Lancome, Dolce&Gabbana, Chanel, Hugo Boss, Lacoste,Tommy Hilfiger, Christian Dior, Gucci, Kenzo и Nivea. На 27.04.2007 година во печките на Силмак-Тетово, Царинската управа постапувајќи согласно налозите на застапниците на носителите на правата од интелектуална сопственост спроведе уништување/спалување на вкупно 31.388 парчиња запленети производи (патики, блузи, јакни, маици, килоти, каиши, чорапи, маски, батерии, слушалки и полначи за мобилни телефони) од повеќе познати светски брендови (Adidas, Puma, Reebok, Tommy Hilfiger, Louis Vuitton, Gucci, Christian Dior, Nokia и Sony Ericsson. Фалсификуваните производи беа уништени под царински надзор и транспарентно со присуство на претставници на застапниците на брендовите и медиумите.

Од отворена царинска линија (197) во април 2007 година се примени вкупно 5.546 повик или во просек 184 на ден, од кои:
- 5 повици А класа (информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по истите се превземени активности;
- 7 повици Б класа (информации кои бараaат понатамошни испитувања од други организациони единици на Царинската управа) и истите се проследени до Одделението за разузнавање и до мобилните тимови;
- 17 повици Ј класа (информации проследени до Секторот за професионална одговорност, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници).

За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, изготвени се 85 записници за сторен царински прекршок, а од МВР се примени 20 пријави за царински прекршок. Врз основа на записниците и пријавите во текот на месец април поднесени се 105 барања за поведување на прекршочна постапка и 8 за кривична постапка

## 6. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

Во знак на одбележување на 15 години постоење на Царинската управа на Република Македонија, на 12 април, Царинската управа организираше работна Конференција на тема „Рамката на стандарди на Светската царинска организација за безбедност и олеснување на меѓународната трговија“. На конференцијата свои излагања имаа експерт од Светската царинска организација и претставници на Царинската управа на

Република Македонија, а како учесници присуствуваа претставници на јавниот и приватниот сектор, како и странски гости и универзитетски професори.

Во врска со проектот за олеснување и поедноставување на граничните формалности и долж Коридорот 8 (Mezzogiorno-Balkan Area Customs Project), потпишан е Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за економски развој на Република Италија. Како прв чекор од акциониот план за реализација на проектот, предвидена е посета на експерти од италијанската царина во периодот од 11 до 13 јуни 2007 година.

Во периодот од 16-17 април 2007 година се одржаа преговори за иницирање на вториот Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа-ТТФСЕ 2, помеѓу Светската банка и Република Македонија. Целта на проектот е олеснување на движењето на добрата помеѓу земјите во југоисточна Европа, преку отстранување на одредени тесни грла во инфраструктурата на граничните зони и подобрување на ефикасноста и квалитетот на патните и железничките услуги долж транс европскиот транспортен коридор 10.

Во рамките на втората компонента од проектот предвидено е подобрување на терминалот на граничен премин Блаце преку: (а) отстранување на привремените објекти; (б) изградба на постојани објекти; (в) изградба на дополнителни ленти; и (г) надзор над градежните работи, преку обезбедување на работи, стоки и консултантски услуги.
Во рамките на четвртата компонента од проектот, предвидено е подобрување на системот за телекомуникации долж железничките пруги на транс европскиот коридор 10 и воведување на компатибилен софтвер за обработка на товарните железнички пратки за железница и царина, вклучувајќи: (а) инсталација на железнички систем за комуникации и решение за електронска размена на податоци со кое се усогласува софтверот за обработка на податоци помеѓу Царинската управа на Македонија и Македонски Железници; (б) надградба на компјутерскиот хардвер и софтвер за системите на информатичка технологија во царината и железниците.